Фонд за иновации и технолошки развој
Бр. 02-977/13
12.12 2018 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници ("Службен весник на РМ" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18), Директорот на Фондот за иновации и технолошки развој Јован Деспотовски на ден 12.12 2018 година донесе

**Одлука**
**за избор на кадидати по Интерен оглас 01/2018 година за унапредување на 3 административни службеници**

1. Во врска со Интерен оглас бр. 01/2018 заведен под бр. 02-977/3 од 20.11.2018 година, објавен на 23.11.2018 година, а според финалната ранг-листа на интервјуираните кандидати и предлог одлуката за избор на прворангираните кандидати бр. 02-977/11 од 10.12.2018 година и финалната ранг-листа на интервјураните кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат бр. 02-977/12 од 11.12.2018 година, од Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници формирана со Решение бр. 02-977/8 од 03.12.2018 година, СЕ ИЗБИРААТ:
- за работно место број 1: УПР 01 01 В01 000 Советник во Одделение за правни работи, јавни набаки и архива, Сектор за општи и правни работи и финансии, кандидатот **Христина Тошевска,**
- за работно место број 2: УПР 01 01 В01 000 Советник во Одделение за финансии и сметководство, Сектор за општи и правни работи и финансии, кандидатот **Никола Клопчевски,**
- за работно место број 3: УПР 01 01 Б04 000 Раководител на одделение во Одделение за подготовка на програми, Сектор за програмски активности, кандидатот **Катарина Кречева.**

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување на веб страната на Фондот за иновации и технолошки развој.

3. Во рок од 5 дена од конечноста на одлуката, ќе се донесе решение за унапредување на административниот службеник.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

По добиеното известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии бр. 18-8699/2 од 16.08.2018 година за унапредување на 3ца административни службеници во Фондот за иновации и технолошки развој, објавен е интерен оглас бр. 01/2018 на ден 23.11.2018 година на веб страната на Фондот за иновации и технолошки развој и веб страната на Агенцијата за администрација.

Во врска со наведениот оглас, Комисија за унапредување на административни службеници, формирана со Решение бр. 02-977/8 од 03.12.2018 година, спроведе административна селекција и изготви Записник од истата, заведен под бр. 02-977/10 од 10.12.2018 година, по што Комисијата

спроведе интервју и изготви Записник бр. 02-977/11 од 10.12.2018 година и Записник бр. 02-977/12 од 11.12.2018 година.

Комисијата врз основа на бодовите од административна селекција и бодовите од интервјуто содржани во Записниците бр. 02-977/11 од 10.12.2018 година и бр. 02-977/12 од 11.12.2018 година, изготви предлог одлуки за избор на прво рангираните кандидати и истите ги достави до Директорот на Фондот.

Согласно со член 52 став 1 од Законот за административни службеници, е утврдено дека во рок од 3 дена од добивањето на предлогот секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар, е должно да донесе одлука за избор.

Согласно член 52 став 6 од истиот закон Секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар, во рок од 5 дена по конечноста на одлуката, донесува решение за унапредување на административниот службеник.

Имајќи го во предвид горенаведеното, Директорот на Фондот за иновации и технолошки развој одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Доставено до:

- кандидатот
- персонално досие
- архивата на Фондот

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат може да поднесе жалба до агенцијата за администрација - Комисија за одлучување по жалба и приговори на административни службеници во втор степен, во рок од 8 дена.

Директор
Јован Деспотовски

изработил: Ивана Сазданоска